Врз основа на член 22 став 1, точка 1, точка 2 и член 36, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02) а во согласност со член 40 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/2020), член 15 и член 43 од Статутот на Општина ДемирХисар (Сл. Гласник на Општина Демир Хисар бр.02/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21),), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден __.__.2023година донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**
**ЗА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР ЗА 2024год.**

За изработување на урбанистичките планови и тоа: Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план во населеноместо и Урбанистички план вон населено место, како планови од локално значење, и Урбанистички проекти, доколку донесувачот смета дека се неопходни за спроведување на плановите, општините задолжителн однесуваат годишна Програма најдоцна до 31 декември во тековната за наредната година.

Изработката на урбанистичките планови од оваа Програма се финансира од буџетот на општините, буџетот на РСМ, како и од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Финансирањето на изработкатана урбанистичките планови од страна на правни и физички лица се врши на начин што со поднесување на иницијативата за изработка на урбанистичкиот план, подносителот приложува и изјава за подготвеност за финансирање на изработката на урбанистичкиот план и за износот на средставата за таа намена. Износот се пресметува согласно Тарифникот за вредноста на работите од областа на урбанистичко планирање.

Оваа Програма општините задолжително ја објавуваат во службеното гласило, на WEB страната од општината, како и во информациски систем е-урбанизам.

**Член 1**

За 2024 година, Општина Демир Хисар предвидува изработка на следните урбанистички планови:

**<u>1. Генерален урбанистички план</u>**

1. Изработка на Генерален урбанистички план за општина Демир Хисар. Се продолжува со постапката за ГУП. Планот е изработен согласно годишната Програма за изработка на Урбанистички планови и Државна и локална урбанистичка планска документација во РМ за 2014год., го изработи Агенцијата за просторно планирање, постапката е прекината со Заклучок за прекин од страна на Министерството за земјоделие.

**<u>2. Урбанистички план засело</u>**

1. Изработка на Урбанистички план за село Кутретино, село Белче, село Единаковци, село Жван, село Вардино, село Сладуево.

**<u>3.Урбанистички планвонnаселеноместо</u>**

1.Изработка на Урбанистички план вон населено место на КП 359, КП 360, КП 361, КП 362, КП 364, КП 365, КП 366, КП 574, КП 577, КП 578, КП 579, КП 580, КП 581, КП 583/1, КП 583/2, КП 584, КП 585, КП 586, КП 587, КП 588, КП 589, КП 590, КП 592, КП 593, КП 594, КП 597, КП 598, КП 600 иКП 601, КО Суво Грло со намена Е1.13- фотоволтаична електрана со моќност до 10 MW. Иницијативата е од страна на

инвеститорот Бранислав Трпчевски, со адреса ул.„Вангел Николоски” бр.20, Охрид. Целокупните трошоци ќе бидат финансирани од страна на инвеститорот.

**4.Проекти за инфраструктура**

Во постапка за одобрување во текот на 2024 год., се следните Проекти за инфраструктура:

-ПИ за инфраструктура за сообраќајна инфраструктура за селата: Прибилци, Загориче, Бараково, Брезово, Смилево и Обедник. Проектите за инфраструктура се изработени посебно за секое село, а иницијативите се од страна на општина Демир Хисар.

Согласно член 96 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/2020), започнатите постапки за одобрување на Архитектонско-урбанистички проекти и Проектите за инфраструктура, за ои е заверена или одобрена проектна програма до денот на отпочнување на примена на Законот за урбанистичко планирање, ќе продолжат согласно одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање и понатаму ке се применуваат како урбанистички проекти согласно одредбите на Законот за урбанистичко планирање.

**4. Урбанистички проект**

1.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани на КП бр. 1040/1 и КП бр. 1040/2 за КО Суводол, ДемирХисар. Иницијативата за изработка на Урбанистичкиот проект е од страна на Милан Петровски од Скопје. Целокупните трошоци ке бидат финансирани од подносителот на иницијативата.

2.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела с онамена Б1- мали единици за комерцијални и деловни дејности на КП бр.2178/1 и КП бр.2178/2 за КО Демир Хисар. Иницијативата за изработка наУрбанистичкиот проект е од страна на Иван КузмановскиУл.„Охридска” бр.12**,**Демир Хисар.Целокупните трошоци ќе бидат финансирани од подносителот на иницијативата.

3.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 –фотоволтаична електрана на КП 590 за КО Сопотница. Иницијативата за изработка на Урбанистичкиот проект е од страна на Благојче Гроздановски, ул.„Крстин Чулаковски Кичо” бр.49, Битола. Целокупните трошоци ќе бидат финансирани од подносителот на иницијативата.

4.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена В3.6- Домови на културата, комбинирани културни центри на КП бр. 1471/1, м.в.Село, КО Бабино, Општина Демир Хисар.

Иницијативата за изработка на Урбанистички проект е од страна на инвеститорот Александар Петров, со адреса на живеење ул.„Народен фронт” 5/1-68, Скопје. Целокупните трошоци ќе бидат финансирани од подносителот на иницијативата.

5.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија на КП бр.317, КП бр.2990, КП бр.3175, КП бр.3085 и КП бр.1898/1 за КО Жван, Општина Демир Хисар. Иницијативата за изработка на Урбанистички проект е од страна на инвеститорот Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија, со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје, поднесена преку овластениот застапник ГЕО БАЛКАН ДООЕЛ Битола, со седиште на ул.Питу Гули бр.47 б, Битола. Целокупните трошоци ќе бидат финансирани од подносителот на иницијативата.

6.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1-Сообраќајни инфраструктури, Е1.1-Јавни патишта со пратечки градби и инсталации,за изградба на дел од сообраќајна инфраструктура со мост на река Журешница кај село Журче, Општина демир Хисар, на делови од КП 1368, 1369, 1370, 1371, 1372, 1402, 1403, 1404, 1407, 2351, 2363 и 2367, КО Журче, Општина Демир Хисар. Иницијативата за изработка на урбанистичкиот проект е од страна на Општина Демир Хисар.

7.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктурна градба- примарна канализациска мрежа и пречистителна станица во с.Вардино, Општина Демир Хисар. Проектниот опфат на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктурна градба- примарна канализациска мрежа и пречистителна станица во с.Вардино, Општина Демир Хисар. Иницијативата за изработка на урбанистичкиот проект е од страна на Општина Демир Хисар.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина ДемирХисар.

Бр. __-____/__ Совет на Општина Демир Хисар
__.__.2023 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски